2022

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.04 - 30.06.2022Г

II Квартал

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД ....................................................................................................3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2022 година........................................................4

II. ПРИХОДИ ..............................................................................................4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2022 ГОДИНА ............................................5

III. ТРОШОЦИ - ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ........................................................................................................6

Трошоци за вработените ...........................................................................6
Патни и транспортни трошоци ..................................................................7
Заеднички трошоци ...................................................................................7
Програмски права ......................................................................................8
Останати трошоци од работење.................................................................9
Инвестиции................................................................................................9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2022 ГОДИНА...........10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2022г..................................14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ..........................................15

1. Побарувања од купувачите во земјата........................................................15
2. Побарувања од купувачите во странство ....................................................16

VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА ...........................................................................................................16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА.......17

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ, сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во второто тримесечје од 2022 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 235.671.900 денари и расходи во износ од 242.048.594 денари, при што е остварен негативен финансиски резултат од 6.376.694 денари кој произлегува исклучиво од неисплатените и скратени финансиски средства кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност. Имено, согласно Законот за ААВМУ, по основ на финансирање на радиодифузна дејност во 2022 година на ЈРП МРТ треба да и бидат исплатени средства во висина од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, односно во 2021 година. Оттука, со оглед на тоа дека во 2021 година вкупните приходи во Буџетот на РСМ се реализирани во износ нешто повисок од 210 милијарди денари, произлегува дека во 2022 година и приходот по основ на финансирање на радиодифузна дејност треба да биде повисок односно да изнесува околу 130.000.000 денари на месечно ниво наместо сегашните 55.875.000 денари кои МРТ ги добива. Законски предвидените 1% не се реализираат, односно МРТ добива дури и помалку од 0,5% од реализираните приходи во Буџетот на РСМ во 2021 година. Недостигот на финансиски средства негативно се одразува на севкупното работење на институцијата и создава потешкотии во сервисирање на старите но и на тековните обврски по основ склучени договори со домашни и странски добавувачи по разни основи како и на обврските спрема вработените, а треба да се има предвид дека во рамки на своето тековно работење ЈРП МРТ има трошоци кои мора да се реализираат согласно Закон без оглед на тоа со колку финансиски средства таа ќе располага во календарската година. Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2022 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи кај сите групи на трошоци.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2022 година**

| ОПИС | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | | Финансиски план 2022г | | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **198,156,937** | **100.0** | **1,029,900,000** | **100.0** | **235,671,900** | **100.0** | **118.9** | **22.9** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **253,088,009** | **127.7** | **1,021,900,000** | **99.2** | **242,048,594** | **102.7** | **95.6** | **23.7** |
| Трошоци за вработени | 115,192,884 | 58.1 | 491,850,000 | 47.8 | 117,206,327 | 49.7 | 101.7 | 23.8 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 697,057 | 0.4 | 6,020,000 | 0.6 | 1,253,188 | 0.5 | 179.8 | 20.8 |
| Заеднички трошоци | 42,094,858 | 21.2 | 162,960,000 | 15.8 | 32,081,146 | 13.6 | 76.2 | 19.7 |
| Програмски права | 75,677,654 | 38.2 | 293,700,000 | 28.5 | 70,487,335 | 29.9 | 93.1 | 24.0 |
| Останати трошоци од работење | 19,425,556 | 9.8 | 67,370,000 | 6.5 | 21,020,598 | 8.9 | 108.2 | 31.2 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-54,931,072** | | | | **-6,376,694** | | | |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот април - јуни 2022 година реализирани се приходи во износ од 235.671.900 денари.

Средствата за финансирање на радиодифузна дејност кои по Одлука на Владата на РСМ а согласно измените во Законот за ААВМУ (сл.весник 132/17) МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација остварени се во вкупен износ од 167.625.000. Меѓутоа, со оглед на фактот што веќе подолго време наназад државата не ги почитува законски утврдените одредби во врска со финансирањето на радиодифузната дејност, добиениот износ не е ни приближен на законскиот. Овие средства се значително помали дури и споредено со претходните години кога МРТ добиваше 74.500.000 денари месечно, односно сега приходот за финансирање на радиодифузна дејност, како дел за МРТ, на месечно ниво изнесува 55.875.000 денари.

По основ на финансирање на програмски и техничко технолошки развој во вториот квартал од 2022 година од Буџетот на РСМ остварен е приход во вкупен износ од 62.400.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.555 денари што е реализација од 13,5% во однос на планираните приходи за 2022 година за оваа намена.

По основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во износ од 527.951 денари или 10,56% во однос на планираните приходи за 2022 година за оваа намена.

Ставката останати деловни приходи бележи реализација во износ од 2.485.300 денари или остварување од 12,4% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата во

најголем обем се однесува на приходи по основ на вредносно усогласување на побарувања по основ на РДТ но и на приходи од наплатени отпишани побарувања, приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнителни приходи од минати години и слично.

Приходот по основ на судски одлуки за предмети кои се завршени во корист на МРТ изнесува 22.302 денари или остварување од 1,5% повисоко во однос на планираниот износ за оваа намена.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во второто тримесечје од 2022 година е остварен во износ од 2.368.222 денари што е остварување од 3,2% на планираните средства во Финансискиот план за 2022 година за оваа намена. И покрај намаленото финансирање од државата и постојаниот недостиг на финансиски средства за производсвто или откуп на нови програмски содржини, сепак средствата остварени по основ на продажба на рекламен простор во тековното работење се резултат на крајни напори и постојани залагања на МРТ на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области.

Од продажба на програма и донации остварени се приходи во износ од 175.570 денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | Финансиски план 2022г | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 670,500,000 | 167,625,000 | 100.0 | 25.0 | 71.1 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 0 | 254,400,000 | 62,400,000 | 0.0 | 24.5 | 26.5 |
| Закупнини | 92,522 | 500,000 | 67,555 | 73.0 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 712,469 | 3,000,000 | 517,314 | 72.6 | 17.2 | 0.2 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 0 | 2,000,000 | 10,637 | 0.0 | 0.5 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати,позитивни курсни разлики, вредносно усогласување на побарувања,отпишани обврски,приходи од минати год.и сл.) | 2,365,638 | 20,000,000 | 2,485,300 | 105.1 | 12.4 | 1.1 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 2,892,284 | 1,500,000 | 22,302 | 0.8 | 1.5 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 24,469,024 | 75,000,000 | 2,368,222 | 9.7 | 3.2 | 1.0 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0 | 3,000,000 | 175,570 | 0.0 | 5.9 | 0.1 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **198,156,937** | **1,029,900,000** | **235,671,900** | **118.9** | **22.9** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот април - јуни 2022 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 242.048.594 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2022 година претставува реализација од 23,7%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04-30.06.2022 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | Финансиски план 2022г | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 115,192,884 | 491,850,000 | 117,206,327 | 101.7 | 23.8 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 697,057 | 6,020,000 | 1,253,188 | 179.8 | 20.8 |
| Заеднички трошоци | 42,094,858 | 162,960,000 | 32,081,146 | 76.2 | 19.7 |
| Програмски права | 75,677,654 | 293,700,000 | 70,487,335 | 93.1 | 24.0 |
| Останати трошоци од работење | 19,425,556 | 67,370,000 | 21,020,598 | 108.2 | 31.2 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **253,088,009** | **1,021,900,000** | **242,048,594** | **95.6** | **23.7** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 71,673 | 8,000,000 | 2,096,033 | 2,924.4 | 26.2 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **71,673** | **8,000,000** | **2,096,033** | **2,924.4** | **26.2** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **253,159,682** | **1,029,900,000** | **244,144,627** | **96.4** | **23.7** |

## Трошоци за вработените

Трошоците за вработени во второто тримесечје од 2022 година се остварени во вкупен износ од 117.206.327 денари или 23,8% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група опфаќа трошоци за бруто плата на вработените кои изнесуваат 114.060.313 денари, трошоци за отпремнина за вработените кои оствариле право на старосна пензија реализирани во износ од 2.764.598 денари како и трошоците за други лични примања/надоместоци на вработените за исплатена парична помош на вработените по разни основи како во случај смрт на вработен или на член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци и слично кои се реализирани во износ од 360.416 денари како и трошоците за едукација во износ од 21.000 денари. Просечната плата по работник за периодот 04-06 месец 2022 година изнесува 36.615 денари.

## Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 1.253.188 денари и истата е реализирана со 20.8% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2022 година за оваа намена.

Од патувањата во странство кои се реализирани за остварување на програмски цели би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во Тел Авив, Лондон, Мадрид и Торино – патување во врска за одржување и избор на песна за Евровизија, Кан – присуство на MIP TV – европски форум за медиуми, Цетиње- известување од Економски форум, Дијарбекир – снимање на документарна емисија за Дијарбекир – Месопотамија, Будимпешта – Интервју со Претседателот на Исламската верска заедница, Измир – македонско турска културна соработка под покровителство на Министерство за култура, Дизелдорф – следење и информирање од посетата на земјоделски саем Провајн, Белград – присуство и известување од заедничка литургија на СПЦ и МПЦ во храмот Свети Сава, Рим – известување од чествувањето на денот на Светите Кирил и Методиј, Истанбул и Анкара – учествување на фестивалот Културни патишта, Хамбург – учество на регионална работилница ЕРНО за социјални медиуми, Тревизо – учество на Бизнис форум и промоција на Македонско – Италијанска Асоцијација, Мадрид – Известување од Самитот на НАТО и други.

Во земјата пак, реализирани се патувања за пренос и емитување на спортски натпревари, за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на програмските сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во овој период од 2022 година бележи остварување во вкупен износ од 32.081.146 денари што е реализација од 19.7% на финансискиот план за 2022 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за електричен, технички и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 348.141 денар, трошоците за канцелариски материјали и материјали за возен парк реализирани во вкупен износ од 352.252 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво со вкупно остварување од 4.389.424 денари, ситен инвентар во износ од 371.169 денари како и телефонските трошоци со интернет услугите и поштенските услуги во вкупен износ од 835.745 денари. За пренос и емитување на емисии и настани од разни области користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 855,769 денари. Реализација во рамките на планираниот износ за 2022 година бележат и трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 700.920 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 737.734 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на опрема остварени во вкупен износ од 849.363 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 194.800 денари и одржување на ВЕБ

страната на МРТ во износ од 250.484 денари како и трошоците за комунални услуги (вода и ѓубретарина) реализирани во вкупен износ од 1.045.085 денари. Трошоците за амортизација на основни средства пресметани за овој период изнесуваат 15.278.930 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет реализирани се трошоци во износ 1.786.338 денари кои се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ. Реализација во рамки на планираните износи бележат банкарските трошоци со остварување во износ од 126.509 денари кои опфаќаат плаќања во земјата и плаќања кон странство а по основ на откупена филмска и спортска програма, како и трошоците за камати од работење и затезни камати остварени во износ од 1.314.578 денари и трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) во износ од 51.935 денари.

**Програмски права**

Групата на трошоци која опфаќа откуп на права за емитување на најразлични видови на програмски содржини како и продукција и копродукција на разни видови емисии, во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 70.487.335 денари, што претставува 24.0% реализација на планот за 2022 година за оваа намена.

Трошоците се однесуваат на следните ставки:

Откуп на права за пренос и емитување на спортски настани која е реализирана во износ од 25.603.425 денари и истата се однесува на фактурирана реализација на трошоци за откуп на права за пренос на FIFA EURO – Светски Куп 2022 година и UEFA Лига на шампиони 2022 година.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 27.831.839 денари и истите опфаќаат фактурирана реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии и друго на македонски и албански јазик (проекти за деца со наслов Бумеранг, Дајте музика, Авантурите на пиратите, Артс Црафтс, потоа ТВ серијал – Народни приказни на албански јазик, документарен серијал За театарот со Бајруш Мијаку, Преспав, ТВ Проект Македонисимо, ТВ проект Жиле Т).

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 17.052.071 денар и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за лиценцирани вести од интернет, потоа откуп на ТВ права за емитување на 94то доделување на филмските награди Оскар, продукција и емитување на ТВ проектите на македонски и албански јазик: 7 минути здравје и Знаете ли, ТВ проект Приказна, Агенда 35, ТВ шоу Џентлмен магазин, квиз емисија со наслов 20 Секунди, ТВ проект Заеднички поглед кон Европа, ТВ проект Студио 3, документарен серијал за Гонџа Бојаџиу.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 21.020.598 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 6.880.100 денари кои се неопходни за да се надомести недостигот од кадар во речиси сите организациони единици во МРТ, трошоците за ревизија на финансиските извештаи во износ од 890.428 денари како и трошоците за учество на избор на Песна на Евровизија - Евросонг 2022 во износ од 796.208 денари и трошоците за набавка на услуги за сателитски сегмент во износ од 1.993.555 денари. За надоместок за членувањето на МРТ во меѓународни радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ и слично реализирани се трошоци во износ од 3.355.111 денари, за надоместок за мало авторско право кон ЗАМП реализирани се 2.645.080 денари додека пак надоместокот кон Агенцијата за филмска дејност изнесува 4.338.384 денари.

## Инвестиции

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во вториот квартал од 2022 година фактурираната реализација изнесува 2.096.033 денари и во рамки на овие средства набавени се еден уред за непрекинато напојување и едно патничко возило за програмски потреби.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2022 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | Финансиски план 2022г | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработените | 114,647,637 | 476,000,000 | 114,060,313 | 99.5 | 24.0 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 10,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 280,534 | 3,700,000 | 2,764,598 | 985.5 | 74.7 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или на член на семејство и др.) | 262,353 | 750,000 | 360,416 | 137.4 | 48.1 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 450,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 2,360 | 250,000 | 21,000 | 889.8 | 8.4 |
| Трошоци за вршење на PCR (за корона вирус) тестови на вработените | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **115,192,884** | **491,850,000** | **117,206,327** | **101.7** | **23.8** |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 385,736 | 1,800,000 | 580,444 | 150.5 | 32.2 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 132,167 | 2,200,000 | 45,000 | 34.0 | 2.0 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 10,594 | 1,000,000 | 139,074 | 1,312.8 | 13.9 |
| Сопствено возило за службени потреби | 25,033 | 220,000 | 405,189 | 1,618.6 | 184.2 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 41,980 | 200,000 | 40,100 | 95.5 | 20.1 |
| **Вкупно 2** | **595,510** | **5,520,000** | **1,209,807** | **203.2** | **21.9** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 101,547 | 300,000 | 43,381 | 42.7 | 14.5 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **101,547** | **500,000** | **43,381** | **42.7** | **8.7** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **697,057** | **6,020,000** | **1,253,188** | **179.8** | **20.8** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 267,060 | 1,000,000 | 48,512 | 18.2 | 4.9 |
| Технички материјал | 240,255 | 1,000,000 | 178,149 | 74.1 | 17.8 |
| Материјал за поправка и одржување | 0 | 600,000 | 121,480 | 0.0 | 20.2 |
| **Вкупно 4** | **507,315** | **2,600,000** | **348,141** | **68.6** | **13.4** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | Финансиски план 2022г | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 138,572 | 1,350,000 | 333,518 | 240.7 | 24.7 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 34,483 | 300,000 | 18,734 | 54.3 | 6.2 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **173,055** | **1,900,000** | **352,252** | **203.5** | **18.5** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 6,340,788 | 21,000,000 | 2,007,917 | 31.7 | 9.6 |
| Трошоци за топлотна енергија | 5,004,179 | 11,500,000 | 1,662,896 | 33.2 | 14.5 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 755,405 | 3,000,000 | 718,611 | 95.1 | 24.0 |
| **Вкупно 6** | **12,100,372** | **35,500,000** | **4,389,424** | **36.3** | **12.4** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 78,134 | 2,000,000 | 371,169 | 475.0 | 18.6 |
| **Вкупно 7** | **78,134** | **2,000,000** | **371,169** | **475.0** | **18.6** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни линии | 113,775 | 600,000 | 79,706 | 70.1 | 13.3 |
| Телефонски трошоци-мобилни линии | 653,911 | 2,200,000 | 500,290 | 76.5 | 22.7 |
| Трошоци за интернет | 176,276 | 800,000 | 199,302 | 113.1 | 24.9 |
| Поштарина | 53,976 | 300,000 | 56,447 | 104.6 | 18.8 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,425,637 | 10,000,000 | 855,769 | 35.3 | 8.6 |
| **Вкупно 8** | **3,423,575** | **13,900,000** | **1,691,514** | **49.4** | **12.2** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 1,588,966 | 4,500,000 | 737,734 | 46.4 | 16.4 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 504,648 | 3,500,000 | 849,363 | 168.3 | 24.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 11,800 | 3,500,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Одржување на возила | 220,627 | 2,500,000 | 194,800 | 88.3 | 7.8 |
| Одржување на ситен инвентар, автогуми и ГПС уреди | 13,028 | 150,000 | 12,760 | 97.9 | 8.5 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 250,484 | 1,000,000 | 250,484 | 100.0 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,194,160 | 3,700,000 | 700,920 | 58.7 | 18.9 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 48,000 | 300,000 | 328,265 | 683.9 | 109.4 |
| **Вкупно 9** | **3,831,713** | **19,150,000** | **3,074,326** | **80.2** | **16.1** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 550 | 30,000 | 350 | 63.6 | 1.2 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 300,000 | 29,763 | 0.0 | 9.9 |
| Трошоци за ѓубретарина | 345,565 | 950,000 | 209,439 | 60.6 | 22.0 |
| Трошоци за вода | 457,853 | 3,300,000 | 805,533 | 175.9 | 24.4 |
| **Вкупно 10** | **803,968** | **4,580,000** | **1,045,085** | **130.0** | **22.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | Финансиски план 2022г | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 74,224 | 1,200,000 | 85,484 | 115.2 | 7.1 |
| Трошоци за регистрација на возила, полнимоштва и друго | 45,405 | 300,000 | 62,417 | 137.5 | 20.8 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 7,273 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати и сл.) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **126,902** | **2,100,000** | **147,901** | **116.5** | **7.0** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,770,489 | 58,000,000 | 15,278,930 | 96.9 | 26.3 |
| **Вкупно 12** | **15,770,489** | **58,000,000** | **15,278,930** | **96.9** | **26.3** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 0 | 1,000,000 | 12,873 | 0.0 | 1.3 |
| **Вкупно 13** | **0** | **1,000,000** | **12,873** | **0.0** | **1.3** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 60,455 | 500,000 | 70,722 | 117.0 | 14.1 |
| **Вкупно 14** | **60,455** | **500,000** | **70,722** | **117.0** | **14.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 618 | 1,700,000 | 118,201 | 19,126.4 | 7.0 |
| **Вкупно 15** | **618** | **1,700,000** | **118,201** | **19,126.4** | **7.0** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 90,944 | 500,000 | 126,509 | 139.1 | 25.3 |
| **Вкупно 16** | **90,944** | **510,000** | **126,509** | **139.1** | **24.8** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елабораи и друго | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 56,000 | 150,000 | 26,350 | 47.1 | 17.6 |
| **Вкупно 17** | **56,000** | **270,000** | **26,350** | **47.1** | **9.8** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,970,011 | 9,000,000 | 1,786,338 | 90.7 | 19.8 |
| **Вкупно 18** | **1,970,011** | **9,000,000** | **1,786,338** | **90.7** | **19.8** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 423,594 | 2,700,000 | 31,722 | 7.5 | 1.2 |
| Судски трошоци и административни такси | 10,827 | 300,000 | 163,913 | 1,513.9 | 54.6 |
| **Вкупно 19** | **434,421** | **3,000,000** | **195,635** | **45.0** | **6.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | Финансиски план 2022г | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 54,574 | 400,000 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **54,574** | **400,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 91,350 | 1,500,000 | 278,905 | 305.3 | 18.6 |
| **Вкупно 21** | **91,350** | **1,500,000** | **278,905** | **305.3** | **18.6** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,318,242 | 3,000,000 | 1,314,578 | 99.7 | 43.8 |
| **Вкупно 22** | **1,318,242** | **3,000,000** | **1,314,578** | **99.7** | **43.8** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,087,034 | 1,500,000 | 1,400,358 | 128.8 | 93.4 |
| **Вкупно 23** | **1,087,034** | **1,500,000** | **1,400,358** | **128.8** | **93.4** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 115,686 | 850,000 | 51,935 | 44.9 | 6.1 |
| **Вкупно 24** | **115,686** | **850,000** | **51,935** | **44.9** | **6.1** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **42,094,858** | **162,960,000** | **32,081,146** | **76.2** | **19.7** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 4,554,478 | 19,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 14,171,320 | 59,500,000 | 17,052,071 | 120.3 | 28.7 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,329,418 | 2,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 0 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 9,094,833 | 98,000,000 | 25,603,425 | 281.5 | 26.1 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 45,527,605 | 113,300,000 | 27,831,839 | 61.1 | 24.6 |
| **Вкупно 25-Програмски права** | **75,677,654** | **293,700,000** | **70,487,335** | **93.1** | **24.0** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 84,320 | 800,000 | 45,008 | 53.4 | 5.6 |
| **Вкупно 26** | **84,320** | **800,000** | **45,008** | **53.4** | **5.6** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 110,328 | 400,000 | 16,323 | 14.8 | 4.1 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 295,000 | 1,000,000 | 890,428 | 301.8 | 89.0 |
| Услуги за вештачење | 9,440 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 4,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена, трошоци за поврзани субјекти | 763,180 | 1,200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 3,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 10,422,123 | 16,000,000 | 6,880,100 | 66.0 | 43.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2021г. | Финансиски план 2022г | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за проект Евровизија | 1,348,472 | 3,300,000 | 796,208 | 59.0 | 24.1 |
| Трошоци за судски извршители | 15,353 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 0 | 9,200,000 | 1,993,555 | 0.0 | 21.7 |
| **Вкупно 27** | **12,963,896** | **38,450,000** | **10,576,614** | **81.6** | **27.5** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 6,213,879 | 10,000,000 | 3,355,111 | 54.0 | 33.6 |
| Котизации и акредитации | 0 | 200,000 | 60,401 | 0.0 | 30.2 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 0 | 13,500,000 | 2,645,080 | 0.0 | 19.6 |
| Надомест на Агенција за филмска дејност | 0 | 4,300,000 | 4,338,384 | 0.0 | 100.9 |
| **Вкупно 28** | **6,213,879** | **28,000,000** | **10,398,976** | **167.4** | **37.1** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 163,461 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **163,461** | **120,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **19,425,556** | **67,370,000** | **21,020,598** | **108.2** | **31.2** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **253,088,009** | **1,021,900,000** | **242,048,594** | **95.6** | **23.7** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 71,673 | 8,000,000 | 2,096,033 | 2,924.4 | 26.2 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **71,673** | **8,000,000** | **2,096,033** | **2,924.4** | **26.2** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **253,159,682** | **1,029,900,000** | **244,144,627** | **96.4** | **23.7** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2022г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.06.2022 година изнесува:

- Комерцијална банка 43.347 денари
- Халк банка 1.591.407 денари
- Тутунска банка 42.982 денари
- Стопанска банка 287.124 денари
- Шпаркасе банка 449.874 денари
- Силк роуд банка 175.001 денари
- Прокредит банка 1.600 денари

***Вкупно на сметки : 2.591.335 денари***

**Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2022 година изнесува:**

- Стопанска банка 128 УСД

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.06.2022 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.06.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,078,330,531 | 2,074,047,623 | 99.8 |
| Побарувања од купувачите во странство | 41,083,080 | 41,043,958 | 99.9 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,106,382,784 | -2,097,385,275 | 99.6 |
| **Вкупно:** | **13,030,827** | **17,706,306** | **135.9** |

## 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.06.2022 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,037,439,870 | 2,038,116,763 | 100.0 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 40,890,661 | 35,930,860 | 87.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,066,738,952 | -2,057,741,443 | 99.6 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **16,306,180** | **140.7** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата со состојба на 30.06.2022 година изнесуваат 16.306.180 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.06.2022 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувња по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,025,159,414 | 2,022,242,440 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 8,082,137 | 11,536,670 | 142.7 |
| - радио и телевизиски услуги | 113,627 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 103,720 | 134,085 | 129.3 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (парно, вода, струја) | 3,574,018 | 3,593,137 | 100.5 |
| - спогодби | 406,954 | 610,431 | 150.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 40,890,661 | 35,930,860 | 87.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -2,066,738,952 | -2,057,741,443 | 99.6 |
| **Вкупно:** | **11,591,579** | **16,306,180** | **140.7** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.06.2022 година изнесуваат вкупно 1.400.126 денар, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 30.06.2022 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 36,011,931 | 36,850,364 | 102.3 |
| - ТВ услуги | 541,233 | 541,830 | 100.1 |
| - технички услуги | 2,816,646 | 2,863,432 | 101.7 |
| - побарувања од закупнини | 16,822 | 16,841 | 100.1 |
| - отстапени права | 1,093,692 | 339,657 | 31.1 |
| - фестивали во странство | 316,951 | 135,476 | 42.7 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 285,805 | 296,358 | 103.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во странство | -39,643,832 | -39,643,832 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **1,439,248** | **1,400,126** | **97.3** |

# VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2021 год. | состојба на 30.06.2022 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **384,053,871** | **358,352,147** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 104,195,178 | 87,304,241 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,561,202 | 38,473,351 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 0 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 37,459,332 | 26,082,426 |
| Обврски спрема вработените | 26,612,577 | 28,524,868 |
| Обврски за авторски договори | 9,627 | 0 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 151,352,374 | 149,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 673,711 | 574,914 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 8,613,520 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг кон ММИ, УЈП) | 28,192,900 | 19,615,749 |
| **Долгорочни обврски** | **192,177,436** | **192,177,436** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 8,375,445 | 8,375,445 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 35,218,866 | 35,218,866 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 148,583,125 | 148,583,125 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **576,231,307** | **550,529,583** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.06.2022 година изнесуваат 550.529.583 денари и истите во однос на состојбата на 31.12.2021 година се намалени за 25.701.724 денари.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.06.2022год. изнесува вкупно 692 лица, што е помалку за 6 лица или за 0.9% во однос на состојбата на 31.03.2022 година.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2022 | 1 | 38 | 320 | 11 | 304 | 0 | 21 | 3 | 698 | |
| 30.06.2022 | 1 | 38 | 319 | 10 | 300 | 0 | 21 | 3 | 692 | -6 |
| структура 30.06.2022г.(%) | 0.1 | 5.5 | 46.1 | 1.4 | 43.4 | 0.0 | 3.0 | 0.4 | 100.0 | -0.9 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2022 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2022 | 484 | 146 | 26 | 22 | 6 | 5 | 4 | 2 | 3 | 698 | |
| 30.06.2022 | 479 | 146 | 26 | 21 | 6 | 5 | 4 | 2 | 3 | 692 | -6 |
| структура 30.06.2022г. (%) | 69.2 | 21.1 | 3.8 | 3.0 | 0.9 | 0.7 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 100.0 | -0.9 |

Во текот на второто тримесечје односно во периодот Април-Јуни 2022 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Во истиот период едно лице е вратено на работа по користење на неплатено отсуство додека пак вкупно 7 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ од кои 4 лица по основ на стекнување на правото за пензионирање и тоа: 2 Техничари со ССС,1 Диригент со ВСС и 1 Новинар со ВСС а 3 лица се починати и тоа: 2 Техничари, 1 Продуцент и 1 Сниматељ-Камерман.

Скопје, Јули 2022 година

Одобрил

______________________________

Директор на ЗФ и администрација
Горан Атанасов

Директор на ЈРП МРТ

__________________________

Марјан Цветковски

Одделение за сметководство
Изработил: В.Груевска
С.Николовска
Одделение за планирање и реализација на буџети
Изработил: В.Димеска